Врз основа на член 39 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002год.) и член 33 од Деловникот на Советот на Општина Свети Николе ("Службен гласник на Општина Свети Николе" бр. 2/06) , Претседателката на Советот на Општина Свети Николе на ден 17.01. 2023 година донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за свикување на дваесетичетвртата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе**

Дваесетичетвртата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе ќе се одржи на ден **23.01. 2023 година (понеделник) со почеток во 14:00 часот** во советничкта сала на Општина Свети Николе.

За седницата го предлагам следниот

**Д н е в е н р е д**

Усвојување на Записник од дваесетитретата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе одржана на ден 21.12. 2022 година;

**Точка 1**
Предлог – Програма за работа на Советот на Општина Свети Николе за 2023 година;

**Точка 2**
Предлог – Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Свети Николе за 2023 година;

**Точка 3**
Предлог – Одлука за за примање на донација;

**Точка 4**
Предлог – Одлука за проширување на средства на Буџетот на Општина Свети Николе за 2023 година;

**Точка 5**
Предлог – Одлука за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште за подрачјето на Општина Свети Николе во 2023 година;

**Точка 6**
Предлог – Одлука за утврдување на пазарната вредност на земјоделско земјиште Во Општина Свети Николе;

**Точка 7**
Предлог – Одлука за утврдување на зони при примена на методологијата за процена на пазарната вредност на недвижен имот;

**Точка 8**

Предлог – Одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка со Општина Градско;

**Точка 9**

Предлог – Одлука за одобрување на Програма за изградба на спортска сала на КП бр.9875 КО Свети Николе, Општина Свети Николе;

**Точка 10**

Предлог – Одлука за резервирање на средства за експропријација во Буџетот на општина Свети Николе;

**Точка 11**

Предлог – Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платата на вработените во ЈКП „Комуналец„ Свети Николе за 2023 година;

**Точка 12**

Предлог - Програма за работа на Општинска Установа „Крсте Мисирков„ Свети Николе за 2023 година;

**Точка 13**

Предлог – Програма за работа на Општинска Установа Народен Музеј Свети Николе за 2023 година;

**Точка 14**

Предлог - Програма за одржување на јавно осветлување;

**Точка 15**

Предлог – Програма за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Свети Николе за 2023 година;

**Точка 16**

Предлог – План за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Свети Николе за ( 2023-2025) година;

**Точка 17**

Иницијатива за измена и дополна на Статутот на Општина Свети Николе;

**Точка 18**

Барање финансиска помош од лицето Г.П.

**Точка 19**

Барање финансиска помош од лицето М.С.

**Точка 20**

Барање за ослободување од комунална такса за јавно осветлување од лицето Н.Т.

**Точка 21**

Барање за ослободување од комунална такса за јавно осветлување од лицето Г.А.

**Точка 22**

Барање за ослободување од комунална такса за јавно осветлување од лицето С.Ј.

**Точка 23**

Барање за ослободување од комунална такса за јавно осветлување од лицето В.Ѓ.

**Бр.0801- 283**
**17.01. 2023 година**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Валерија Ивановска**